**З А П И С Н И К**
**од Сто и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.11.2018 година**

**Скопје, ноември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.11.2018 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, замeникот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Кахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби

Лика и членот на Владата на Република Македонија Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 97-та седница на Владата, одржана на 26.10.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
- Статус на реализација на Рамковниот договор
    - Информација за одбележување на 110 годишнина на Албанска азбука

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија

2. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања

3. Предлог-одлука за определување месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

4. Информација со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Фондот за иновации и технолошки развој и Правилник за изменување на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог -одлуки

5. Информација во врска со обезбедување на место за времено складирање на комунален отпад на копот на РЕК Осломеј

6. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната

самоуправа и други и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

7. Информација за изнајмување, набавка, користење и одржување на монтажни лизгалишта во Република Македонија

**б) Економски систем и тековна економска политика**

8. Информација за членството на Република Македонија во БЕПС Инклузивната рамка
9. Информација за потребата од отпочнување постапка за водење преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Македонија) и Прешево (Република Србија)

10. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија КО Подареш, Општина Радовиш, со Предлог-одлука

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за производство на енергија со намена Е2-комунална супраструктура КО Берово вон град, Општина Берово, со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Оризари за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Оризари, Општина Кочани, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со иницијативата за воспоставување на заеднички економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија

15. Информација за измена и дополнување на Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија, со текст на Јавен повик и Тендерска документација

16. Информација за одржаниот Четиринаесетти состанок и подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Република Македонија и Европската Унија, кој ќе се одржи на 13 ноември 2018 година во Скопје

**в) Политички систем**

17. Информација во врска со проблемот со увоз на возила за специјална намена, увоз на возила од страна на државјани на Република Македонија кои се враќаат од привремена,

односно постојана работа во странство и од страна на странски државјани на кои им е одобрен привремен, односно постојан престој во Република Македонија, како и проблемот со регистрација на возила со музејска вредност

18. Предлог-решение за именување претседавач, контакт-лица, компонентни контакт-точки, членови и секретар на Координативно тело за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан

19. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1006 на Советот од 16 јули 2018 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Република Малдиви, со Предлог-одлука
20. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1087 на Советот од 30 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог-одлука

21. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука

22. Информација за отворање почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, со Предлог -одлука

23. Информација за давање на согласност за именување на почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, со Предлог-одлука

24. Информација за отворање почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за именување на почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, со Предлог-одлука

26. Предлог за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, со Предлог-одлука

27. Предлог за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, со Предлог-решение

28. Информација за отворени податоци

29. Анализа на нормативната рамка и пракса во врска со планските документи во Република Македонија, анализа на усвоени стратегии во Република Македонија и компаративни практики при изработката на секторските стратегии

30. Информација за доставен Предлог-меморандум за реализација на заеднички интегрирана интервенција во пограничниот регион помеѓу Република Грција и Република Македонија, со Предлог-меморандум

31. Информација за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и Министерството за регионален развој и урбанизам на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандум

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

32. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016 - 2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 година (за период јануари - јуни 2018 година)

33. Информација за прогрес на реализација на акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

34. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Крушево

35. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија (КП бр.1190, КО Гази Баба)

36. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија (КП бр.834/1 КО Штип 1)

**б) Политички систем**

37. Предлог-одлука за укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Колумбија

38. Информација за давање на користење на недвижна ствар на Министерството за надворешни работи за обезбедување простор за Проектот за отворање на Инфо-центар за евроатлантски интеграции, со Предлог-одлука

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

40. Барање за давање на автентично толкување на член 25, став 1, точка 10 од Законот за даноците на имот, поднесено од пратеникот Мухамед Зеќири

41. Барање за давање на автентично толкување на член 2, точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено од пратеникот Мухамед Зеќири

42. Барање за давање на автентично толкување на член 14, став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данокот на додадена вредност, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ

43. Барање за давање на автентично толкување на член 9, став 6 од Законот за спортот, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

44. Понуда од нотарот Мартин Божиновски од Куманово за купопродажба на недвижен имот во Куманово со Имотен лист бр.71776 за КО Куманово на КП бр.25636

45. Понуда од нотарката Татјана Адамоска Конеска од Прилеп, за купопродажба на недвижен имот во Прилеп со Имотен лист бр.497 за КО Небрегово на КП бр.2640

**д) Други предлози**

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

48. Информација за можноста скапоцените и полускапоцените камења да се заштитат со соодветен акт, при што за нивно евентуално користење и експлоатација би било потребно да се плаќа надоместок како приход на Буџетот на Република Македонија

49. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на сметката на буџет на фондови за 2017 година

50. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

51. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво Пелагонија-тириц ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на локалитетот „Ада" с.Мрзенци, Општина Гевгелија

52. Информација во врска со постапката за доделување финансиската поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, со Предлог-програма и Предлог-уредба

53. Предлог за состав на 9-члена ад-хок координативна група за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, со Предлог-одлука

54. Информација за измена на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите бр.44-5939/1 од 12 јуни 2018 година, со Предлог-одлука

55. Информација за одбележување на Светскиот ден на ромскиот јазик

*

*       *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 97-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.10.2018 година

*

*       *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ги разгледа Состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да формираат работна група која во соработка со надлежните министри ќе ги консолидира и финализира комплетните прилози доставени од ресорните министерства кон Годишниот извештај на Европската комисија на македонски и англиски јазик, согласно насоките и укажувањата од Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12.11.2018 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави финалниот Придонес на Република Македонија кон Годишниот извештај на Европската Комисија до Европската комисија на 12.11.2018 година.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на 110 годишнина на Албанска азбука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да дефинира програма и технички детали за спроведување на програмата како и да ги преземе сите други активности за организација и одбележување на овој настан.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања да ги покријат трошоците за организацијата и одбележувањето на 110 годишнината на Албанската азбука.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за определување месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Фондот за иновации и технолошки развој и Правилник за изменување на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со обезбедување на место за времено складирање на комунален отпад на копот на РЕК „ Осломеј“ и притоа заклучи:

- Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје да овозможи во следните три месеци да се депонира комунален отпад во кругот на РЕК „Осломеј“.

## Точка 6

Владата го одложи разгледувањето на Предлог -одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, со заклучок материјалот да се разгледа на иста седница на Владата заедно со Правилникот за критериумите на отстапување на одземени возила со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот на државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и други.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изнајмување, набавка, користење и одржување на монтажни лизгалишта во Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да изнајми пет монтажни лизгалишта и согласно Законот за јавни набавки да спроведе постапка за јавна набавка за истите.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви интерен акт во врска со условите, користење и одржување на монтажните лизгалишта од страна на корисниците.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Македонија во БЕПС Инклузивната рамка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2018 година, најдоцна во рок од 30 дена.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да предложат времена рамка за имплементирање на БЕПС Инклузивната рамка.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отпочнување постапка за водење преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Македонија) и Прешево (Република Србија) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Работната група наведена во информацијата да се придржува по насоките и ставовите за водење на преговори наведени во информацијата при конципирањето на Нацрт - текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Македонија) и Прешево (Република Србија).

2. Се задолжува Работната група во рок од 30 дена да ја информира Владата за водените преговори при конципирањето на Нацрт - текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Македонија) и Прешево (Република Србија).

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија КО Подареш, Општина Радовиш, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија КО Подареш, Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за производство на енергија со намена Е2-комунална супраструктура КО Берово вон град, општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за производство на енергија со намена Е2-комунална супраструктура КО Берово вон град, општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Оризари за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Оризари, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Урбанистички план за село Оризари за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Оризари, Општина Кочани, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со иницијативата за воспоставување на заеднички економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за постојан претседавач на заедничкиот економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија.

2. Се назначува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, за постојан ко-претседавач на заедничкиот економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија.

3. Се препорачува на Стопанската комора на Македонија, Сојузот на Стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии, во рок од пет дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да доставaт предлог за постојан ко-претседавач на заедничкиот економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија, избран од редовите на нивните претседатели.

4. За задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за финансии, во рок од три дена да номинираат претставници како постојани членови на заедничкиот економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија.

5. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во зависност од точките на дневен ред на агендата за претстојниот состанок да обезбеди претставници од соодветни институции и потребен материјал за дискусија.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори две недели по одржување на секој состанок на заедничкиот економски Управен комитет помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија да ја информира Владата.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија, со текст на Јавен повик и Тендерска документација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои измената и дополнувањето на Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ги објави изменетиот Јавен повик и Тендерска документација во рок од три дена од денот на усвојување на оваа информација.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Четиринаесетти состанок и подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Република Македонија и Европската Унија, кој ќе се одржи на 13 ноември 2018 година во Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија, за ко-претседавач на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до 6.11.2018 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице кое ќе учествува на состанокот на Поткомитетот (во однос на степенот на усогласеност со acquis во областа на хемикалиите).

3. Се задолжува Министерството за култура, до Секретаријатот за европски прашања да достави пишан материјал за статусот на Предлог-законот за заштита на културно наследство, како и кореcподентни табели за усогласеноста на истиот со Директивата 2014/60/EU за враќање на културни добра и да достави номинација на лице кое ќе учествува на состанокот на Поткомитетот, најдоцна до 6.11.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 6.11.2018 година да ја достави до Европската комисија, Предлог-стратегијата за реформа на даночниот систем.

5. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа, најдоцна до 6.11.2018 година до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лица кои ќе учествуваат на состанокот на Поткомитетот.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, најдоцна до 6.11.2018 година до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лица кои ќе учествуваат на состанокот на Поткомитетот.

7. Се задолжува Министерството за правда, најдоцна до 6.11.2018 година до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лица кои ќе учествуваат на состанокот на Поткомитетот (и ќе можат да одговорат на прашања за усогласеноста на законите од надлежност на Министерството со Директивата за задоцнето плаќање на ЕУ).

8. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за финансии и Министерство за економија - Бирото за метрологија, а се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија, да го известат Секретаријатот за европски прашања за степенот на реализација на заклучоците усвоени од Владата на Република Македонија на Дваесет и седмата седница, одржана на 12.9.2017 година (точка 37 - Информација за тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан на 4 април 2017 година во Скопје), најдоцна во рок од седум дена од денот на усвојување на Информацијата.

9. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на Владата на Република Македонија.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проблемот со увоз на возила за специјална намена, увоз на возила од страна на државјани на Република Македонија кои се враќаат од привремена, односно постојана работа во странство и од страна на странски државјани на кои им е одобрен привремен, односно постојан престој во Република Македонија, како и проблемот со регистрација на возила со музејска вредност (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоците:

1. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи до декември 2018 година да изврши ревидирање на Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2010, 62/2010, 105/2010, 13/2011, 39/2011, 169/2011, 185/2011, 84/2012, 132/2012, 153/2012, 59/2013, 138/2013, 29/2014, 35/2014, 119/2014, 168/2014 и 182/2016), со цел да се овозможи возилата за специјална намена (бетономешалки, пумпи за бетон, за собирање смет, за чистење снег и друго) да бидат предмет по поединечно барање за единечно одобрување, доколку ги исполнуваат условите на ЕУРО 4 стандардот.

2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи до декември 2018 година да изврши ревидирање на одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2008, 53/2011, 123/2012, 153/2012, 70/2013, 164/2013, 138/2014, 158/2014, 192/2015 и 39/2016), кои го уредуваат доделувањето на статус на возило со историска вредност (олдтајмер), во насока на спречување на можноста овој вид на возила по нивната регистрација да се користат за извршување на деловна активност или истите да се употребуваат за комерцијални цели.

## Точка 18

Владата го донесе најновиот текст на Решението за именување претседавач, контакт-лица, компонентни контакт-точки, членови и секретар на Координативно тело за градење и

спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан, во предложениот текст

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1006 на Советот од 16 јули 2018 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Република Малдиви, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1006 на Советот од 16 јули 2018 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Република Малдиви, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1087 на Советот од 30 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1087 на Советот од 30 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за именување на почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување на Почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Дебар, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на Почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за именување на Почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување на Почесен конзул на Република Косово во Република Македонија, со седиште во Струга, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа Предлогот за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлогот за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе Решението за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Холандија, со седиште во Амстердам, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за отворени податоци и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа во рок од пет дена од усвојување на Информацијата до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинација за офицер за отворени податоци и негов заменик со следните податоци: име и презиме, звање и работно место, назив на институција, контакт телефон и е-маил адреса.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа во рок од десет дена од усвојување на Информацијата до Министерството за информатичко општество и администрација да достават каталог на отворени податоци, согласно насоките дадени во текстот и Прилог 1 на Информацијата.

## Точка 29

Владата ја разгледа Анализата на нормативната рамка и пракса во врска со планските документи во Република Македонија, анализа на усвоени стратегии во Република Македонија и компаративни практики при изработката на секторските стратегии (нов

текст), ја усвои Анализата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, во рок од седум дена, да номинираат по еден претставник како член на Работната група за спроведување на мерката М 1.1.1. - Зајакнување на системот на планирање преку обезбедување на механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, формирана во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија со цел навремено спроведување на утврдените активности.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за доставен Предлог-меморандум за реализација на заеднички интегрирана интервенција во пограничниот регион помеѓу Република Грција и Република Македонија, со Предлог-меморандум и притоа заклучи:

1. Се информираше со приложениот Предлог-меморандум за реализација на заеднички интегрирана интервенција во пограничниот регион помеѓу Република Грција и Република Македонија.

2. Се овластува Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, пред претстојната средба на Заедничкиот комитет за следење на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција, која е закажана за 9.11.2018 година да реализира средба со членовите на Заедничкиот комитет за следење од Република Македонија, со цел да ги запознае со позицијата на Владата на Република Македонија по предложениот Предлог-меморандум.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и Министерството за регионален развој и урбанизам на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и Министерството за регионален развој и урбанизам на Република Бугарија.

2. Се овластува Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и Министерството за регионален развој и урбанизам на Република Бугарија.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да ја информира Владата за имплементацијата на Меморандумот најмалку еднаш годишно.

## Точка 32

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016 - 2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на

Република Македонија за 2012 - 2020 година (за период јануари - јуни 2018 година) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Македонската академска истражувачка мрежа, најдоцна до 15 ноември 2018 година да достават до Министерството за образование и наука потврда на истите номинирани претставници (член и заменик член) или да номинираат нови претставници (член и заменик член) во Советодавната група за иновации.

2. Се препорачува на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, најдоцна до 15 ноември 2018 година, да предложи нови предлог мерки за Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 -2020 година и да ги достави до Министерството за образование и наука.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за индустриска сопственост, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието и Државниот завод за статистика, а се укажува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Центарот за стручно образование и обука, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Институтот за стандардизација на Република Македонија, најдоцна до 15 ноември 2018 година да достават информација до Министерството за образование и наука кои мерки од тековниот Акциски план за 2016 - 2018 година може да се реализираат во следниот период, со објаснување кои мерки се нереализирани и неприфатливи за реализација.

4. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за индустриска сопственост, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието и Државниот завод за статистика, а се укажува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Центарот за стручно образование и обука, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Македонската

академска истражувачка мрежа, најдоцна до 15 ноември 2018 година да предложат нови предлог мерки за Акцискиот план за 2019 -2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 година и да ги достават до Министерството за образование и наука.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука на секои шест месеци да ја информира Владата за новите предлог мерки за Акцискиот план за 2019 - 2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 година.

**<u>Точка 33</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на реализација на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа од Прилог бр. 1 и Прилог бр.1а, да изработат акциски планови за реализација на активности, со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа од Прилог бр.1 и Прилог бр.1 а, по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

3. Се препорачува на општините, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје од Прилог бр.2 и Прилог бр.2 а, да изработат акциски планови за реализација на активности, со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена.

4. Се препорачува на општините, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје од Прилог бр.2 и Прилог бр.2 а, по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

5. Се препорачува на Службата на Собранието на Република Македонија да изработи акциски план за реализација на активности со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истиот да го достави до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена, а по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото

повратно да го извести Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

6. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Македонија, судовите кои немаат обезбедено непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се нивна надлежност наведени во Прилог бр. 1 а, да изработат акциски планови за реализација на активности, со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена, а по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

## Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Колумбија, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за давање на користење на недвижна ствар на Министерството за надворешни работи за обезбедување простор за Проектот за отворање на Инфо-центар за евроатлантски интеграции, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за надворешни работи (нов текст), во предложениот текст.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да го реновира, среди и опреми предметниот деловен простор со канцелариска опрема соодветна на потребите на проектот во рок од два месеци.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25, став 1, точка 10 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), поднесено од пратеникот Мухамед Зеќири и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Во конкретниот случај потребата од автентично толкување на одредбата од 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/2016) е настаната во врска со примената на оваа одредба кога станува збор за спроведување на статусна промена, согласно член 517 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/2010, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18).

Законот за трговските друштва, статусните промени согласно член 517, ги утврдува на начин и постапка која се спроведуваат по точно утврден редослед:

Присоединување, спојување и поделба на друштвата

Член 517

(1) Едно или повеќе друштва може да се присоединат (друштво што се присоединува) кон друго друштво (друштво што презема), со пренос на целокупниот имот и на обврските на друштвото коешто се присоединува без да се спроведе негова ликвидација, во замена за удели, односно за акции од друштво што презема.

(2) Две или повеќе друштва можат да се спојат, без да се спроведе ликвидација, со основање на едно ново друштво - корисник на коешто преминува целокупниот имот и обврските на друштвата што се спојуваат, во замена на уделите, односно на акциите од новото друштво -корисник.

(3) Едно друштво може, преку поделба, истовремено, да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: раздвојување со преземање), при што друштвото што се дели престанува без спроведување на ликвидација. Едно друштво може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: издвојување со преземање), при што друштвото не престанува.

(4) Поделбата може да се спроведе со истовремено пренесување на сиот имот или на дел од имотот и на обврските на друштвото што се дели на нови друштва и на постојни друштва (комбинирана поделба со раздвојување со основање, раздвојување со преземање, издвојување со основање и со издвојување со преземање). Заради утврдениот редослед Централниот регистар на Република Македонија ги запишува новоформираните друштва врз основа на статусна промена и истото го заведува во своите регистри како друштва формирани врз основа на спроведена статусна промена.

Во оваа постапка на статусна промена може да се случи пренос на недвижност помеѓу правните субјекти кој пренос на недвижност од аспект на Законот за даноците на имот „Службен весник на Република Македонија" бр.61/04…23/16 треба да утврди дали постои односно дали треба да се плати данок на промет на недвижност.

Оданочувањето со данок на промет на недвижност е опфатено од член 19 до член 25 од Законот за даноците на имот со кој во член 25 се дефинирани ослободувањата од плаќање на данок на промет на недвижност.

Согласно член 25:

Член 25

Данок на промет на недвижности не се плаќа:
1) на прометот на недвижности во постапката на експропријација;
2) кога странско дипломатско, односно конзуларно претставништво го пренесува правото на сопственост на недвижности, под услов на реципроцитет;
3) кога правото на сопственост се пренесува заради намирување на обврските по основа на јавни приходи во постапката за присилна наплата;
4) на прометот на недвижности меѓу државни органи, меѓу државни органи и општините и меѓу општините;
5) на прометот на недвижности во постапката на конфискација;
6) на прометот на станови во општествена сопственост, доколку во купопродажниот договор не е уредено чија е обврската за плаќање на данокот;
7) кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на државни органи заради наплата на побарувања во стечајни и извршни постапки;
8) кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на давателот на доживотното издржување кој во однос на примателот на издржувањето се наоѓа во прв наследен ред и тоа само за делот на недвижноста кој би го наследил според Законот за наследување и без давање на издршката;
9) на првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата на кој е пресметан данок на додадена вредност;
10) при вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва;
11) на тргувањето со хартии од вредност, во смисла на Законот за хартии од вредност и
12) кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на банките како доверители, заради наплата на парично побарување, доколку во рок од три години го продадат стекнатиот имот.

Врз основа на цитираните членови и постапката која се спроведува „Издвојување со основање" согласно Законот за трговските друштва јасно и прецизно се укажува дека овој вид на постапка преставува статусна промена во којашто новоформираните друштва го имаат целиот правен континуитет на постоечкото друштво кое може и не мора да се

ликвидира и цела оваа постапка се извршува по точно утврден редослед согласно Законот за трговските друштва.

Кога се врши пренос на (имот) недвижност при спроведување на статусна промена (присоединување, спојување и поделба на друштвата), всушност се врши вложување на недвижностите во капиталот на друштвото со што даночните обврзници се ослободени од плаќање на данок на промет на недвижност согласно член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот.

Во практична примена на горенаведениот член од Законот за даноците на имот во постапки на спроведување на статусни промени како Издвојување со основање“ како и во сите други постапки како присоединување, спојување и поделба на друштвата со која се врши и пренос на имот (недвижност) во капиталот на друштвата, правните лица се оданочуваат како да постои правен промет во овие постапки.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да даде автентично толкување на одредбата од став 1 точка 10 на член 25 од Законот за даноците на имот дека кога се спроведува статусна промена како присоединување, спојување и поделба на друштвата со која се врши и пренос на имот (недвижност) во капиталот на друштвата, се смета за вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва со што даночните обврзници се ослободени од плаќање на данок на промет на недвижност.

## Точка 41

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 2, точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/05, 79/06, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 30/18 и 120/18), поднесено од пратеникот Мухамед Зеќири и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Во конкретниот случај потребата од автентично толкување на одредбата од членот 2 точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/05, 79/06, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 30/18 и 120/18) е настаната во врска со примената на оваа одредба од страна на надлежниот орган што одлучува во постапките за приватизација.

Имено, корисници на градежно земјиште се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа, а е запишано во катастарот на недвижности до 15.6.2016 година и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Македонија, согласно со Законот за основните сопственосноправни односи („Службен лист на СФРЈ“ бр.6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште („Службен весник на СРМ“

бр.36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ“ бр.10/79, 18/89 и 21/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.71/96 и 18/99) и Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на СРМ“ бр.20/74 и 14/75).

Во практична примена на горенаведениот член од законот, во постапка за приватизација на градежно земјиште правните лица, што се регистрирани во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, не можат да го остварат своето право од причина што правните лица во регистарот се регистрирани со недефинирана сопственост.

Во ситуација кога барање за приватизација има поднесено правно лице, истото потребно е да биде регистрирано во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица од причина што уписот во регистарот има конститутивно дејство.

Со оглед на тоа дека нејасно е од каде произлегува примената на Законот во насока дека како правно лице во постапка за приватизација не може да биде правно лице што е регистрирано во „недефинирана сопственост“, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да даде автентично толкување на членот 2 точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/05, 79/06, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 30/18 и 120/18) со цел да се утврди дека субјектот кој врши приватизирање може да биде правно лице кое е регистрирано со вид на сопственост „недефинирана сопственост“ во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица.

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 14, став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 31/01, 21/03, 17/04, 19/04, 13/06, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16), поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следното мислење:

Потребата за автентично толкување на член 14 став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1999; 59/1999; 86/1999; 11/2000; 93/2000; 8/2001; 31/2001; 21/2003; 17/2004; 19/2004; 13/2006; 33/2006; 45/2006; 101/2006; 114/2007; 103/2008; 114/2009; 133/2009; 95/2010; 102/2010; 24/2011; 135/2011; 135/2011; 155/2012; 12/2014; 112/2014; 130/2014; 15/2015; 129/2015; 129/2015; 225/2015; 23/2016; 189/2016) е резултат на практичната примена на конкретната одредба при работење на правните лица во Република Македонија.

Имено, правните лица особено оние кои вршат дејност во областа на информатичката технологија во Република Македонија, вршат услуги за кои според конкретната одредба, немаат должност да засметуваат данок на додадена вредност и истиот да го наплатуваат од нивните клиенти.

Поради погрешно толкување на предметната одредба на правните лица често им се пресметува и наплаќа неправилно и неточно евидентиран данок на додадена вредност.

Практичната примена на член 14 од Законот за данокот на додадена вредност, е да се дефинира местото на оданочување согласно природата на услугата која се извршува.

Во дадениот член се предвидени услуги кои не се предмет на оданочување во земјата во која како место на настанување на услугата се смета местото во кое корисникот на услугата има вистинско седиште или подружница за кои услугата е извршена.

Согласно законот, во ставот 1 на овој член е наведено: за место на прометот на услугата се смета местото во кое корисникот на услугата има вистинско седиште или подружница за кои услугата била вистински извршена или, доколку вакво место не постои, неговото постојано живеалиште или престојувалиште, кога се работи за следните услуги:
- Услуги на полето на рекламата и работа со јавноста;
- Услуги на електронска обработка на податоци и давање информации, вклучувајќи и know-how и експертиза.

Најголем проблем има кај обврзниците кои се со регистрирана дејност: ДЕЈНОСТИ НА ПОВИКУВАЧКИ УСЛУГИ- CALL CENTER.

Ваквите корисници извршуваат голем спектар на услуги, кои не се прецизно концизно и јасно наведени во цитираните одредби на законот, па затоа мора точно да се определи природата на услугата која се извршува и да се формираат неколку генерални категории на услуги, кои ги извршуваат даночните обврзници чија регистрирана дејност е на повикувачките услуги и тоа:
- далечински автоматизирани технички услуги извршени единствено преку сервер, регистриран во странска држава, различна од Република Македонија;
- услуги на техничка поддршка за сетирање на хардвер, преку пристап на сервер;
- услугите извршени во корист на субјекти чие вистинско седиште е надвор од територијата на Република Македонија.

Целта на автентичното толкување во одредбата од член 14 став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данок на додадена вредност е:

1. Да се појасни дека во вршењето на услуги за грижа за корисници во насока на унапредување на продажбата под услуги на полето на рекламата и работа со јавноста, потпаѓаат меѓу другото и следните услуги: услуги за грижа на корисниците во насока на унапредување на продажбата, дигитален маркетинг, таргетирање на потенцијални клиенти, креирање на промотивен материјал, менаџирање на социјални медиуми (креирање, поддршка и извршување на стратегија) како и дека доколку ваквите услуги се извршуваат во корист на корисници на услуги чие вистинско седиште или подружница за кои услугата била вистински извршена, се наоѓа во држава различна од Република Македонија, истите не се предмет на оданочување во Република Македонија.

2. Да се појасни дека во вршењето на online техничка поддршка, преку давање на конкретни технички решенија на проблеми и користење на различни јазични вештини, спаѓа под know-how, односно експертски услуги, односно дека под услуги на електронска обработка на податоци и давање информации, вклучувајќи know-how и екпертиза потпаѓаат помеѓу другото и следните услуги: техничка поддршка за сетирање на софтвер, техничка поддршка за сетирање на хардвер, далечински автоматизирани технички услови, интервенција во бази на податоци: внес, дополна, измена, управување, ажурирање на податоци на веб сајт, позадинско административно работење, креирање извештаи, како и

дека доколку ваквите услуги се извршуваат во корист на корисници на услуги чие вистинско седиште или подружница за кои услугата била вистински извршена се наоѓа во држава различна од Република Македонија, истите не се предмет на оданочување во Република Македонија.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да даде автентично толкување на член 14, став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 31/01, 21/03, 17/04, 19/04, 13/06, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16).

## Точка 43

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 9, став 6 од Законот за спортот, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија е надлежно да донесува закони и дава автентично толкување на законите. Во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, градоначалниците на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Во член 176 од наведениот деловник е утврдено дека барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите за кои се бара толкување и причините за тоа. Барањето за давање на автентично толкување на закон, претседателот на Собранието го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. По барањето за давање автентично толкување на закон, Законодавно-правната комисија може да бара мислење од матичното работно тело на Собранието. Законодавно-правната комисија, откако ќе прибави мислење од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието. По предлогот за автентично толкување за закон и евентуално по поднесени амандмани, Собранието расправа и одлучува на иста седница. Предлогот на автентичното толкување се усвојува со мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентично толкување. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Во членот 9 став 6 од Законот за спортот е уредено дека, трговско друштво, односно акционерско друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво, односно акционерско друштво, ги презема правата и обврските на спортското здружение и го задржува неговиот континуитет на остварените резултати (остварениот пласман, рангот и статусот во системот на натпревари) во рамките на Националната спортска федерација, на спортскиот клуб кој се регистрирал како трговско друштво, односно акционерско друштво, независно дали го задржува или менува името.

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Во конкретниот случај потребата од автентично толкување на одредбата од член 9 став (6) од Законот за спортот е настаната во врска со примената на оваа одредба од страна на судовите. Имено, во голем број на судските одлуки предметната одредба се толкува на начин дека нема правно следбеништво помеѓу спортското здружение и трговското друштво, односно акционерското друштво во кое се регистрирало спортското здружение. Во судските одлуки се наведува дека согласно предметната одредба, трговското друштво, односно акционерското друштво кое се регистрирало од спортското здружение не е правен следбеник на спортското здружение и не ги презема неговите права и обврски во правниот промет спрема трети лица, туку само го задржува неговиот континуитет на остварените резултати во рамките на Националната спортска федерација, на спортскиот клуб кој се регистрирал како трговско друштво, независно дали го задржува името или не. Ваквите судски одлуки имаат за последица оштетување, изигрување на многу субјекти-доверители на спортското здружение по менување на неговиот правен облик со регистрирање во трговско друштво, односно акционерско друштво, што создава несигурност во правниот промет и што е спротивно од интенцијата на законодавецот при донесување на предметната одредба. Неговата интенција била трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение во трговско друштво, односно акционерско друштво да го задржи правниот континуитет на спортското здружение, независно дали го задржува или менува името, односно дека е негов правен следбеник.

Поради горе наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го прифати Барањето поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ кое се однесува на толкување на членот 9 став 6 од Законот за спортот и да даде автентично толкување во насока дека трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение во трговско друштво, односно акционерско друштво ги презема и правата и обврските на спортското здружение како негов правен претходник, како и го задржува неговиот континуитет на остварените спортски резултати во рамките на Националната спортска федерација.

## <u>Точка 44</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Мартин Божиновски од Куманово за купопродажба на недвижен имот во Куманово со Имотен лист бр. 71776 за КО Куманово на КП бр. 25636 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## <u>Точка 45</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Татјана Адамоска - Конеска од Прилеп за купопродажба на недвижен имот во Прилеп со Имотен лист бр. 497 за КО Небрегово на КП бр. 2640 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## <u>Точка 46</u>

**1.** Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија, ги именува:

- Јани Итов,
- Велика Исмаилова и
- Лазар Митров.

**2.** Владата го разреши Дејан Крајчевски од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.

**2.1.** Владата го именува Томи Салковски за член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија.

**3.** Владата утврди престанок на мандатот на определените претставници во Советот на ЈНУ Институт за филм-филмска академија-Охрид, на нивно барање и тоа на:

- Синоличка Трпкова,
- Маја Стефановиќ и
- Никола Мадиќ.

**4.** Владата ја разреши Љубица Карамандии од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет).

**4.1.** Владата го именува Амир Шабани за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет).

**5.** Владата го разреши Данчо Петров од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**5.1.** Владата го именува Јенс Бруно Вендланд за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**6.** Владата ја разреши Драгица Тончиќ од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, на нејзино барање.

**7.** Владата ја разреши Марина Димитрова од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Неготино, на нејзино барање.

## Точка 47

**1.** Во врска со Изводокот од Нацрт-записникот од 95-та седница на Владата, одржана на 16.10.2018 година, точка 6 - Информација за меѓународна изложба со наслов „100 Години Требениште“, Владата заклучи во заклучокот број 1 износот „1.200.000,00“ денари да се замени со износот „1.000.000,00 денари“.

**2.** Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство и Заедницата на единиците на локалната самоуправа во соработка со здруженијата за заштита на животни, да изнајдат законско решение за трајно решавање на проблемот со кучињата скитници.

**3.** Владата по Јавен повик за свикување на Собрание на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 9.11.2018 година, во 10:00 часот, заклучи:

1) Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 9.11.2018 година, во 10:00 часот. Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да го извести Македонски Телеком АД - Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 9.11.2018 година.

3) Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија да гласа „ЗА“ по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 9.11.2018 година.

4) Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 9.11.2018 година да гласа „ЗА“ по точка 1: Отповикување и избор на член на Одборот на директори на Друштвото.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 29.10.2018 година до 4.11.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста скапоцените и полускапоцените камења да се заштитат со соодветен акт, при што за нивно евентуално користење и експлоатација би било потребно да се плаќа надоместок како приход на Буџетот на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство во рок од 15 дена да ја информира Владата до каде е процесот за повторно ставање во функција на Системот за електронска здравствена картичка т.е. каков е статусот на проектот - Систем за електронска здравствена картичка.

**Точка 50**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во рок од 10 дена до Владата и Државниот завод за ревизија да дадат одговор на утврдената состојба во Конечниот извештај во Точка 7.1.1, во делот на утврдување на меѓусебните права и обврски помеѓу директорот и Управниот одбор.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Министерството за финансии во рок од 10 дена до Владата и Државниот завод за ревизија да дадат одговор на утврдената состојба во Конечниот извештај во Точка 7.1.3, кој се однесува на начинот на покривање на дефицитот во буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кој секоја година се зголемува.

3. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена да подготви и до Владата да достави Акциски план за надминување на неправилностите нотирани во Ревизорскиот извештај.

4. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до крајот на јануари 2019 година до Владата да достави извештај за реализираните активности содржани во Акцискиот план.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво „Пелагонија-тириц“ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на локалитетот „Ада“ с.Мрзенци, Општина Гевгелија, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување финансиската поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, со Предлог-програма и Предлог-уредба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2019-2022 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да отпочне постапка за доделување на финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, наредниот ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка.

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлогот за состав на 9-члена ад-хок координативна група за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за формирање на ад-хок Работна група за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите бр.44-5939/1 од 12 јуни 2018 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите бр. 44-5939/1 од 12 јуни 2018 година, со заклучок истата номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата во висина од 3.182.832,00 денари обезбедени во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2018 година на сметка 130010025663718, Потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, да ги префрли на наменска сметка на Општина Куманово за реконструкција на улици во населбата Средорек.

3. Се препорачува на Општина Куманово да отвори наменска сметка за реконструкција на улици во населбата Средорек.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Светскиот ден на Ромскиот јазик, како материјал за информирање.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**